РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА
# ЗА МАЈ 2007 ГОДИНА

## 1. Зајакнување на институционалниот капацитет

Со цел понатамошно усогласување со acquis communautaire, Царинската управа изготви Предлог Правилник за видот и износот на царинските надоместоци за направени услуги во царинската постапка со кој се предвидува укинување на надоместокот од 40 евра за задолжителна тарифна информација и надоместокот од 65 евра за лабораториски испитувања. Предлог Правилникот е доставен до Министерство за финансии за натамошна постапка.

Изготвена е измена на Упатството за царински долг во делот на употреба на гаранција. Со оваа измена се заменува постоечкиот начин на пополнување на единствениот царински документ (ЕЦД), во рубриките во кои се пресметуваат и евидентираат можните давачки и обезбедување на истите. Преку овие измени се овозможува компјутерскиот систем, електронски да ја следи задолженоста на банкарските гаранции.

Изработени се и имплементирани софтвери за:
- Водење на дисциплински постапки - апликацијата е дизајнирана за потребите на Секторот за човечки ресурси и овозможува комплетен менаџмент на податоците за дисциплински постапки кои се водат за царински работници;
- Евиденција на кривични пријави - апликацијата е дизајнирана за потребите на Службата за аналитика и статистика при Секторот за контрола и истраги и овозможува комплетена електронска евиденција на поднесени кривични пријави од страна на Секторот за контрола и истраги до соодветното Основно јавно обинителство;
- Евиденција на запленети средства - апликацијата е дизајнирана за потребите на Службата за аналитика и статистика при Секторот за контрола и истраги.

Во соработка со ИТ експерт од CAFAO-МАК, изработена е и до Владата е доставена иницијатива за интерконекција со Новиот компјутеризиран транзитен систем на ЕУ (NCTS) која соджи NCTS Implementation road map and plan и NCTS Gaps and Needs (како иницијален документ). Притоа, во нив се потенцира потребата од итна набавка на нов софтвер за обработка на царински декларации со цел превземање правилни стратешки чекори по однос на интерконекцијата со NCTS.

Во мај 2007 година се наплатени 3.381 милиони денари (околу 54,97 милиони евра), на име вкупни приходи од увозни давачки, од кои 515 милиони денари (околу 8,37 милиони евра) на име царина и други царински давачки, а 2.866 милиони денари (околу 46,6 милиони евра) на име данок и акцизи. Во споредба со истиот месец 2006 година вкупно наплатените увозни давачки се поголеми за 15 %.

## 2. Зајакнување на административниот капацитет

Во мај 2007 Царинската управа објави јавен оглас за вработување на 15 царински службеници, со акцент на заложбите за обезбедување рамноправна застапеност на етничките групи во јавниот сектор. Кон крајот на мај 2007 година до Министерството за финансии е доставено уште едно барање за одобрување вработувања на 95 царински службеници, пред сé со цел обебзедување оперативност поради големиот број суспендирани и отпуштени царински службеници (во законски спроведени дисциплински, истражни и судски постапки) и набавката на рентгенски скенери за камиони и контејнери. Со новите вработувања ќе биде зајакнат административниот капацитет на Царинската управа за спроведување на царинското законодавство.

Во мај 2007 година Царинската упрва донесе акт за спроведување интерен оглас за пополнување на слободни работни места. Овој начин на пополнување на слободни работни места им дава еднакви можности за напредување во кариерата на сите царински службеници кои ги исполнуваат условите за односното работно место. Постапката ја спроведува посебно формирана комисија. На крајот на мај 2007 година објавен е прв интерен оглас според новите правила.

Царинската управа во месец мај учествуваше во организација на следниве обуки, работилници, семинари и работни средби:

- Во соработка со КАФАО МАК Мисијата во Република Македонија во периодот од 09-10.05.2007 година одржан е семинар за обучувачи на тема Антикорупција за вкупно 6 царински службеници од Секторот за професионална одговорност, Секторот за управување со човечки ресурси, Секторот за контрола и истраги, а во траење од вкупно 12 часа;
- Во соработка со КАФАО МАК Мисијата во Република Македонија за вработените во Секторот за професионална одговорност беше организиран семинар за Функциите, задолженијата и одговорностите на вработените. Семинарот се одржа на 14.05 и 16.05.2007 год. за вработените од Одделение за внатрешни истраги (вкупно 6) и на 15.05 и 16.05.2007 година за вработените од Одделение за внатрешна инспекција (вкупно 5);
- Со цел јакнење на капацитетите на царинската служба, во соработка со КАФАО МАК Мисијата, во рамките на Проектот на Царинската управа на Република Македонија за организациска промена, одржани се 3 (три) работилници за следење и подготовка на извештај за првите 6 месеци од 2007 година. На работилниците во вкупно траење од 15 часа учествуваа вкупно 13 назначени контакт лица од Царинарниците, Секторите и Одделенијата во Царинската управа на Република Македонија;
- Во соработка со Британската амбасада организирана е обука за двајца вработени од Секторот за контрола и истраги на тема Финансиски истраги, во периодот 14-18.05.2007 година со вкупно 40 часа;
- Во соработка со КАФАО МАК Мисијата одржани се обуки за издавање на одобренија за возење под ТИР Конвенцијата, царинско пломбирање на возила и други типови на транспорт според следниот распоред:
  - На 08.05.2007 година за вработените од Царинарница Битола
  - На 09.05.2007 година за вработените од Царинарница Гевгелија
  - На 10.05.2007 година за вработените од Царинарница Штип
  - На 11.05.2007 година за вработените од Царинарница Куманово

  Вкупно на овие обуки учествувале 50 царински службеници задолжени за издавање на одобренија за возење под ТИР Конвенција и царинско пломбирање на возила и други типови на транспорт.

- Како дел од активностите за пристапување на Република Македонија во Европската Унија, во соработка со Секретаријат за европски прашања во Царинската управа се одржа обука за Вовед во ЕУ, во периодот од 14-16.05.2007 година. На обуката учествуваа вкупно 18 учесници од Царинската управа, а учество земаа и одреден број претставници од други министерства, органи и институции.
- Одделението за обуки во соработка со Секторот за царински систем организираше обуки за измените на Упатството за транзит. Обуките се одржаа по следниов распоред:
  - На 03 и 04.05.2007 година за вработените во Царинарница Куманово
  - На 16.05.2007 година за вработените во Царинарница Битола
  - На 17 и 18.05.2007 година за вработените во Царинарница Штип
  - На 28 и 29.05.2007 година за вработените во Царинарница Скопје.

  На овие обуки учествуваа вкупно 228 царински работници од граничните и внатрешните царински испостави.
- Во соработка со Центарот за образование за интелектуална сопственост при Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје од Царинската управа на РМ пријавени се 10 учесници за следење на обуката „кон ЕУ стандарди за авторското право и сродните права“ во рамките на ТЕМПУС Проектот. Оваа обука се одржува континуирано, започнувајќи од крајот на месец март па се до крајот на месец јуни.
- Продолжува обуката за изучување на англиски јазик за вработените во Централната управа во организација на Одделението за обука во соработка со КАФАО-МАК Мисијата.
- Продолжен е и курсот за изучување на француски јазик за царинските службеници кои и досега ја посетуваа оваа настава.
- Во врска со подготовките за дијагностичката мисија на СЦО, во просториите на Царинската управа на 15.05.2007 година се одржа презентација за учесниците во царинските постапки на тема Дијагностичка мисија во врска со рамката на стандарди на СЦО за безбедност и олеснување на меѓународната трговија на која учествуваа 41 учесник.

Вкупно на одржаните обуки, семинари и состаноци со времетраење од 133 часа учествуваа 328 учесници од Царинска управа.

Во мај 2007 година 7 царински службеници учествуваа на состаноци, семинари, обуки, конференции и студиски посети одржани во странство, како дел од меѓународни проекти и соработка со меѓународни институции и агенции. Овие царински службеници учествуваа на:

- Експертски состанок за имплементација на ПСА+кумулација одржан во Загреб, Хрватска;
- Кранс Монтана форум одржан во Тирана, Албанија;
- V-ти состанок на работната група за сузбивање на криумчарење и царински измами одржан во Букурешт, Романија;
- Семинар на тема Подобра обука за побезбедна храна одржан во Ливорно Италија.

## 3. Интегритет и борба против корупција

Во текот на мај 2007 година, Царинската управа реализираше 21 внатрешна истрага во своите организациони единици. Внатрешните истраги се спроведени врз основа на различни сознанија и примени информации, а за спроведените истраги се изготвени 6 информации, 10 службени белешки и 5 службени информации[1]. Од вкупниот број изготвени информации во мај, 5 се однесувват за ненаплатени побарувања на Царинската управа врз основа на донесени решенија од Одделението за царинско управна и прекршочна постапка и застапување пред судовите.

Во мај се завршени 6 дисциплински постапки, од кои во 3 случаи на царински службеници им е изречена мерка престанок на работен однос во Царинската управа, а во 3 случаи се изречени парични казни за царински службеници, и тоа во 2 случаи намалување на личниот доход во износ од 15% во траење од 6 месеци и во 1 случај намалување на личниот доход во износ од 15% во траење од 1 месец.

Извршена е ревизија на евидентирање и плаќање на затезни камати заклучно со 31.12.2006 година, како и на доспеани, а ненаплатени обврски на Царинската управа заклучно со 30.04.2007 година. Констатиран е 1 наод и дадени се 2 препораки за постапување.

## 4. Транспарентност

Во мај, Царинската управа го стави во функција албанскиот дел од интернет страницата на Царинската управа, при што се дефинирани начините за публикување на содржините, посебно во делот од царинската легислатива. Со ова, содржините на интернет страната на Царинската управа станаа јавно достапни и на албански јазик

## 5. Спречување на нелегален увоз, извоз и транзит на стока и заштита на права од интелектуална сопственост

На 13.05.2007 година на Граничниот премин Делчево (на македонско-бугарска граница) на влез во Република Македонија по извршен детален преглед на товарно моторно возило, беа пронајдени 18 најлонски кеси обвиткани со индиго хартија и залепени со селотејп од страните. Во кесите беше откриена жолтеникава прашкаста материја со тежина од околу 9 кг (секое кесе тежи приближно 0,5 кг). По извршеното тестирање со расположливите тестери за наркотици, на местото на настанот е утврдено дека се работи за дрога – хероин. По проверката со специјално скенер возило и специјлно дресирано куче за наркотици беше пронајден уште еден пакет прашкаста материја спакувакувана и скриена на идентичен начин како и претходно пронајдените 18 пакети. По комплетното завршување на деталниот преглед на стоката од товарното возило, пронајдени се вкупно 19 пакети, односно 9,5 кг дрога – хероин.

[1] Службени информации се изготвени кога по извршените внатрешни истраги постои основано сомнение дека царинските службеници работеле спротивно на позитивните законски одреби, подзаконски акти, оперативни инструкции и етичкиот кодекс. Службени белешки се изготвени кога по извршените внатрешни истраги не е утврдено работење на царинските службеници кое е спротивно на позитивните законски одредби, подзаконски акти , оперативни инструкции и етичкиот кодекс.

На 16.05.2007 година, царинските службеници на граничниот премин Богородица (на македонско-грчка граница) спречија обид за извоз на 20.780 кг старо отпадно железо со зголемено ниво на радијација од Република Македонија кон Грција. Во постапка на преглед на возилото од страна на царинскиот службеник, пејџерот за детекција на радијација сигнализирал дека постои зголемено ниво на радијација над нормалните вредности. Радиоактивниот извор бил детектиран во предниот дел од товарот, во близина на возачката кабина. При прецизното мерење на нивото на радијација извршено на ден 17.05.2007 од страна на стручен тим составен од инспектори од Дирекцијата за радијациона сигурност и карински службеници, со користење на софистицирани инструменти, констатирано е значително зголемено ниво на радијација. По извршените испитувања од Дирекцијата за радијациона сигурност беше потврдено дека станува збор за радиоактвен громобран со извор на јонизирачко зрачење кој содржи радионуклеид ЕУ 152.

На 18.05.2007 година на граничниот премин Делчево (на македонско-бугарска граница) на влез во Република Македонија царинските работници при детален преглед на товарно моторно возило – цистерна со косовски регистарски таблички, пронајдоа непријавена стока - 20 гасни пиштоли марка “Екол специјал” 99 со калибар од 9 мм, сокриена зад седиштето на возачот. Возилото било натоварено со нерафинирано масло за јадење пријавено во постапка на транзит кон Косово.

На 22 мај 2007 година на граничниот премин Богородица (на македонско-грчка граница) на влез во Република Македонија по спроведен преглед на патничко моторно возило и личен претрес на лицето кое го управувало возилото пронајдени се непријавени 129.500 евра, кои биле сокриени под сакото и блузата во специјален појас кој бил врзан на половината на лицето.

На 30 мај 2007 година на аеродромот Александар Велики Скопје, на излез од Република Македонија, царинските работници при царинска контрола на лице кое патувало на релација Скопје-Чикаго пронајдоа непријавени 45 златници (австриски, француски, турски) со различна големина, со вкупна тежина од 246 грама.

Во текот на мај мобилните тимови на Царинската управа продолжија со интензивни активности и извршија контроли на вкупно 1.148 возила, од кои 426 камиони, 64 автобуси и 658 патнички возила на повеќе гранични премини и во внатрешноста, при што се запленети разни стоки (цигари, алкохол, автоделови, текстил, како и фалсификувана стока од повеќе трговски марки), со вкупна вредност од 1.15 милиони денари (околу 18,7 илјади евра) и вредност на избегнати давачки во висина од 0,42 милиони денари (околу 7 илјади евра).

При редовни контроли на превозни средства, стока и патници на граничните премини и во внатрешните царински испостави, царинските службеници во мај открија повеќе обиди за недозволен пренос на стока, и притоа запленија 79.260 парчиња цигари, 5 литри алкохолни пијалоци и 8 литри вино, 15.449 парчиња текстилна стока, 250.000 парчиња различни пластични делови, 80 дигитални ваги, 1.010 рачни рендиња, 3.360 парчиња нокти за лепење, 270 ѓезвиња за кафе, 350 еленски кожи, 1.800 магични крпи, 750 прекинувачи за струја, 550 утикачи за струја, 832 четки за коса, 8.300 чешли за коса, 410 сетови за коса, 24.920 батерии, 3.800 ножеви, 2.000 вилушки, 550 шпакли, 168 леткуми, 800 рачни машинки за бричење, 800 пара пластични влечки, 300 отварачи за вино, 950 слушалки за вокмен, 80 апарати за притисок, 4.000 чачкалици, 9.600 лажици, 220 рачни пумпи за вода, 280 паршиња различни шминки и 390 сетови алат, 107 парчиња алатки за брусење, 16 различни маси, 18.000 парчиња ластик за папки, 32 кг ароматизери за хартија, 133 парчиња автомобилски

делови,1.440 метри хидраулични црева, 150 кг калај, 700 парчиња ножеви, 11.500 копчиња, 1 машина за шиење, 3.500 завртки за лим, 1 пакет со 32 килограми муниција за захефтување на тапацир, 838 вентили за гуми, 750 парчиња олово за бандажи, 174 работни одела и 80 работни комбинизони, 1.060 книги со верска содржина, 97 патни куфери, 1.080 електрични грејачи, 690 кг цемент, 470 рачни часовници, странски средства за плаќање во износ од 13.500 американски долари и 144.200 евра.

Во текот на мај извршени се вкупно 5 контроли на трговски друштва, а за утврдените неправилности изготвени се вкупно 133 решенија за дополнителна наплата на помалку пресметан царински долг во вкупен износ од 8.735.255,00 ден. (околу 145.000 еур).

При спроведување на Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост во мај 2007 година се откриени 41 случај на обиди за повреда на право од интелектуална сопственост, со следната структура на фалсификувани производи:

- 1.086 пара патики, 3.696 пара чорапи, 224 парчиња маици, 300 парчиња кошули и 126 пара тренерки со ознака PUMA
- 20 пара патики, 1.000 пара влечки, 6.226 пара чорапи, 220 парчиња маици, 242 парчиња ремени, 2.700 парчиња очила, 1.100 парчиња часовници со ознака NIKE
- 3.808 пара патики, 950 пара влечки, 15.040 пара чорапи, 352 пара тренерки, 2.766 комплети дресови, 60 парчиња маици, 900 парчиња очила, 345 парчиња топки и 600 деодоранси со ознака ADIDAS
- 100 пара патики и 60 парчиња маици со ознака CONVERSE
- 595 пара тренерки со ознака REEBOK
- 7.095 парчиња долен веш, 20 ролни со украсна трака, 3.230 парчиња тоалетна вода и 2.623 парчиња парфеми со ознака HUGO BOSS
- 36 парчиња блузи, 10 парчиња кошули и 316 парчиња парфеми со ознака ARMANI
- 20 парчиња долен веш и 164 парчиња парфеми со ознака CALVIN KLINE
- 29 парчиња ласерски принтери и 40 парчиња тонери со ознака CANON
- 60 парчиња маици и 133 парчиња долен веш со ознака DOLCE & GABBANA
- 210 парчиња парфеми и 190 парчиња тоалетна вода со ознака KENZO
- 280 парчиња парфеми со ознака ESCADA
- 976 парчиња маици, 316 парчиња парфеми и 95 парчиња тоалетна вода со ознака LACOSTE
- 1.490 парчиња очила, 60 парчиња часовници, 540 парчиња парфеми и 190 парчиња тоалетна вода со ознака CHRISTIAN DIOR
- 23 парчиња парфеми и 90 парчиња тоалетна вода со ознака AQUA DI GIO
- 37 парчиња кошули и 380 парчиња парфеми со ознака TOMMY HILFIGER
- 20 парчиња маици, 1.250 парчиња часовници и 117 парчиња парфеми со ознака GUCCI
- 1.190 парчиња очила, 280 парчиња часовници, 163 парчиња парфеми и 738 парчиња тоалетна вода со ознака CHANEL
- 136 парчиња парфеми и 358 парчиња тоалетна вода со ознака LANCOME
- 81 парчиња парфеми со ознака GIVENGHY
- 94 парчиња парфеми со ознака JOOP
- 632 парчиња маскари со ознака L’ORÉAL
- 3.400 парчиња креони за очи, 600 парчиња маскари и 850 парчиња сјај за усни со ознака MAX FACTOR
- 384 парчиња деодоранси, 2.400 парчиња креми и 600 парчиња маскари со ознака NIVEA

- 710 парчиња часовници со ознака LOUIS VUITTON
- 510 парчиња ремени и 800 парчиња пепелници со ознака MARLBORO
- 16 парчиња кошули со ознака GAS
- 335 парчиња ремени, 238 парчиња маици и 184 парчиња кошули со ознака LEVI'S
- 36 парчиња кошули со ознака GIANNI VERSACE
- 35 парчиња парфеми со ознака DAVIDOFF
- 2.100 парчиња очила со ознака RAY BAN
- 198 парчиња ремени, 24 парчиња маици, 872 парчиња очила, 38 парчиња парфеми, 150 пара кратки панталони, 590 парчиња платнени ранци и 780 парчиња женски рачни торби со ознака DIESEL
- 3.500 парчиња жилети со ознака BIC
- 20.000 парчиња жилети со ознака GILLETE
- 20 парчиња батерии, 646 парчиња адаптери и 4.100 парчиња маски за мобилни телефони со ознака NOKIA
- 695 парчиња маски, 170 парчиња батерии и 100 парчиња адаптери за мобилни телефони со ознака SONY ERICSSON
- 918 парчиња бензин за запалки со ознака ZIPPO
- 9.000 парчиња CD со ознака PRINCO
- 8.126 литри безалкохолни пијалоци со ознака SCHWEPPES BITTER LEMON
- 131.962 литри безалкохолни пијалоци со ознака COCA-COLA, FANTA, SPRITE

Што се однесува до барањата за превземање на цармински дејствија согласно Законот за цармински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост во мај 2007 година се прифатени 8 нови барања за превземање на цармински дејствија за следните трговски марки: BIC, MAX FACTOR, DEL MAR, PURE PURPLE, LANNATE, MUSTANG и OLYMP.

Согласно Законот за цармински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, а по завршената постапка за утврдување на фалсификат и повреда на правото на интелектуална сопственост, на 08.05.2007 година Царинската управа на Република Македонија спроведе уништување на вкупно 110.000 парчиња фалсификувани автомобилски свеќици, марка BOSNA SUPER. Поради основано сомнение дека се работи неоригинални автомобилски свеќици, чија употреба значително ја загрозува безбедноста на учесниците во сообраќајот, царинските работници од ЦИ Куманово на ден 29.03.2007 година, ја задржаа предметната стока. По завршување на постапката согласно Законот за цармински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, се потврди дека автомомилските свеќици се фалсификат и претставуваат повреда на право од интелектуална сопственост. Фалсификуваните автомобилски свеќички се уништени под цармински надзор и транспарентно со присуство на претставници на застапникот на оваа заштитена трговска марка и претставници на медиумите.

Од отворена царинска линија (197) во мај 2007 година се примени вкупно 6.232 повици или во просек 201 повик на ден, од кои:
- 2 повици А класа (информации за кои се бара неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа) и по истите се превземени активности;
- 3 повици Б класа (информации кои бараат понатамошни испитувања од други организациони единици на Царинската управа) и истите се проследени до Оддлението за разузнавање и до мобилните тимови;
- 31 повици Ј класа (информации проследени до Секторот за професионална одговорност, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници).

За откриените обиди за недозволен пренос на стока, како и за останатите недозволени постапувања, изготвени се 81 записник за сторен царински прекршок, а од МВР се примени 28 пријави за царински прекршок. Врз основа на записниците и пријавите во текот на месец мај поднесени се 109 барања за поведување на прекршочна постапка и 12 за кривична постапка.

## 6. Меѓуинституционална, меѓународна соработка и проекти

Со цел развивање на постојната царинска лабораторија, на барање на Царинската управа, а во организација на КАФАО-МАК мисијата, во мај оваа година беше реализирана посета од страна на словенечки експерт за царинска лабораторија, кој изврши проценка на постоечките капацитети, изнесе предлози за времено преадаптирање на постоечката царинска лабораторија и ја поддржа во целост иницијативата на Царинската управа за изградба на комплетно нова, современа лабораторија, во согласност со европските стандарди. Имајќи ја предвид важноста на воспоставување модерна и правилно профилирана и димензионирана царинска лабораторија, во тек се активности за обезбедување соодветни простории.

Во периодот од 15 до 19 Мај 2007 година во студиска посета на Царинската управа присуствуваа претставници од царинските и граничните служби на Молдова и Украина - ЕУБАМ (European Union Border Assistance Mission). Целта на посетата беше да се согледа добрата пракса во интегрираното управувањето со границите во Република Македонија. Студиската посета беше реализирана со следење на секојдневната работа на граничните премини Табановце (македонско-српска граница) и Ќафасан (македонско-албанска граница).

Од 9-ти до 11-ти мај 2007 од страна на DG TAXUD беше извршена IT awareness мисија во Царинската управа на Република Македонија. Од страна на DG TAXUD беа презентирани ИТ системите кон кои Царинската управа треба да пристапи и начините на кои тој пристап може да се оствари. Како главни приоритети во понатамошниот развој на ИТ системите се поставува обезбедување на софтверско решение на националното работење (Софтвер за процесирање на царинските декларации - ЦДПС), односно превземање на итни активности по однос на избор, набавка и имплементација на царински софтвер и поставување на нов ИКТ систем во Царинската управа. Новиот ИКТ систем треба да обезбеди квалитетно софтверско решение кое ќе ги подржува основите на национално конфигурираното царинско работење со целосно прифаќање на ЕУ легислативата и ЕУ стандардите, како и обезбедување на компатибилност и интероперабилност со ЕУ системите. Веќе преземените активности за набавка на нов царински систем и кадровско екипирање на ИКТ секторот (објаснето понатаму) се во согласност со препораките на DG TAXUD.

Со цел олеснување и поедноставување на граничните формалности и долж Коридорот 8 (Mezzogiorno-Balkan Area Customs Project), потпишан е Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за финансии на Република Македонија и Министерството за економски развој на Република Италија (во проектот се вклучени и Албанија и Бугарија). Како прв чекор од акциониот план за реализација на проектот, предвидена е посета на експерти од италијанската царина во периодот од 11 до 13 јуни 2007 година.

На 29 Мај 2007 година беше потпишан е договор за грант за техничка помош, што има за цел да го олесни тргувањето помеѓу Република Македонија и другите држави во Југоисточна Европа. Грантот во износ од 549.000 долари, што е финансиран од

Агенцијата на САД за трговија и развој (УСТДА) ќе и биде доделен на Царинската управа на Република Македонија, за реализирање на регионалниот пилот проектот за олеснување на прекуграничната трговија. Овие средства се наменети за воспоставување на база за регионално информатичко и телекомуникациско поврзување односно создавањето на единствен регионален влезен информатички систем за царинските управи на Македонија, Бугарија и Србија.

На 29 Мај 2007 година беше реализиран донаторски координативен состанок со претставници од релевантните меѓународни институции и соодветните амбасади кои пружат техничка и финансиска поддршка на Царинската управа со цел да се определат насоките за понатамошниот развој и поддршка на евроинтегративните процеси и реформи во царинското работење. На состанокот беа претставени тековните активности, проекти, како и досегашната реализацијата на странската помош. Воедно, Царинската управа ги претстави идните краторочни и среднорочни приоритети, во процесот на модернизација на царинското работење. Царинската управа го истакна своето залагање странската помош да биде добро координирана и истата да не се повторува, туку напротив да се надополнува, како би се постигнала што поцелисходна искористеност. На состанокот постигната е согласност ваков вид на средби да станат редовна пракса во взаемната соработка, со што преку поорганизиран и подобро координиран пристап кон странската помош, може да се придонесе кон уште поголема ефикасност во однос на управувањето со реформските процеси, и постигнувањето на подобри резултати.

На 31 мај 2007 година, во Царинска управа се одржа состанок на Управниот одбор за имплементација на Проектот за модернизација на царинското работење помеѓу петставници на Евроцарината, КАФАО- МАК Мисијата и Царинската управа, а на кој учествуваа и претставници на Делегацијата на Европската комисија во Скопје, Управата за јавни приходи, Секретаријатот за европски прашања и Министерството за финансии. Тема на состанокот беше разгледување на напредокот на активностите кои се реализираат согласно програмата на Мисијата КАФАО-МАК за 2007 година, во рамките на која се пружа техничката помош во процесот на модернизација на царинското работење. Констатиран е напредок со голем интензитет во последните месеци. Новите експерти, ангажирани во областите на: управување со информациите (од март 2007 год.), информатички технологии (од мај 2007 год.), професионалната одговорност (од јануари 2007 год.) и царинската вредност, потекло на стоки и царинската тарифа (од април 2007 год.), придонесоа за зголемена ефикасност во имплементирање на предвидените цели. Беше истакната користа од бројните одржани семинари и обуки од страна на КАФАО - МАК за: стратешко планирање, борба против корупцијата и изучувањето на англискиот јазик која програма интензивно се реализира. Воедно се усвои Работната програма за работата на КАФАО-МАК која е предвидено да се реализира до крајот на 2007 година, кога и завршува техничката помош во рамките на оваа Програма.

**Јуни, 2007**